# ИЗВЕШТАЈ

## за повреди на човекови права

### од документирани случаи во Коалиција Маргини за периодот 1.3.2022- 31.8.2022

Драгана Дрндаревска
правна советничка, Коалиција Маргини

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Коалиција Маригини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија.

Во периодот од 1 март до 31 август 2021 година во Коалицијата Маргини се документирани **34 случаи на прекршување на правата**, во кои има минимум 38 жртви од различни заедници. Документирани се 3 случаи во кои има неопределен број жртви. Во овие случаи се работи за говор на омраза на социјалните мрежи врз основа на сексуална оринтација и родов идентитет. По етничка структура жртвите во случаите се: 15 Македонци, 9 Албанци, 9 Роми и 5 припадници на други етнички заедници. Помеѓу Македонците и Албанците не може да се направи јасна разлика помеѓу видот на повредите на правата, но разликите се видливи кај Ромите кои се жртви на поинаков вид на повреди на права за разлика од другите етнички заедници поради структурниот расизам. Па така, Ромите се жртви на дискриминација во пристапот до добра и услуги, во пристапот до здравствени услуги, булинг во образованието, но и голем број Ромки се жртви на родово засновано насилство. Ваков вид на повреди на права се присутни и кај припадници на други етнички заедници, но само во случаите кога лицата припаѓаат на некоја маргинализирана група како на пример луѓе што употребуваат droги, лица со попреченост, сексуални работници и др.

Најголем број од документираните случаи се родово засновано насилство (26%), потоа повреди на права во работните односи (17%) и тоа дискриминација на маргинализирани групи во пристапот до пазар на труд, 12% насилство од омраза и по 9% во областите образование, полициско постапување и говор на омраза.



Случаите во најголем дел се документирани од страна на правници, параправници и даватели на други услуги во здруженија на граѓани, а во помал број од страна на самите жртви од маргинализираните заедници.
Некоја форма на **дискриминација** е документирана во 16 случаи. Дополнително се документирани 9 случаи на родово засновано насилство како облик на дискриминација и 4 случаи на насилство од омраза во кои жртви се ЛГБТИ луѓето. Во 7 случаи жртви на дискриминација се луѓето што употребуваат дроги и тоа најголем дел во областа на работните односи. Понатаму, во 4 случаи жртви се ЛГБТИ луѓе (од кои 3 се кон трансродови лица), во 3 случаи жртви се Роми и по еден случај во кои жртва е лице со попреченост и сексуална работничка.
Во случаите во кои жртви се луѓето што употребуваат дроги се работи за дискриминација врз основа на здравствена состојба и припадност на маргинализирана група во областа на работните односи, здравствената заштита и полициското постапување. Во областа на работните односи продолжува дискриминацијата од страна на работодавачи кои не сакаат да ги вработат или ги отпуштаат од работа луѓето што употребувале дроги. Во сите случаи се работи за лица кои подолго време се лекуваат со метадонска терапија од зависност од опијати, па оттука не станува збор за лица кај кои употребата на дроги би предизвикала неможност за извршување на работата или некакво несоодветно однесување, туку земање на метадон како терапија соодветно администрирана од страна на медицинска установа. Во некои од случаите работодавците не ни имале информација дали лицето се лекува, туку само поради сознанието дека лицето некогаш употребувало дрога одбиле да го вработат или го отпуштиле. Дискриминацијата на пазарот на труд на лицата што употребуваат дроги е континуиран проблем за кој од една страна, институциите со години наназад не преземаат соодветни мерки, а од друга страна, трудовото законодавство не содржи соодветни заштитни механизми. Законот за работните односи забранува дискриминација на кандидатот за работа и/или работникот врз основа на здравствена состојба (1), но исто така предвидува дека работодавачот може да го откаже договорот за работа без отказен рок доколку работникот внесува, употребува или е под дејство на алкохол и наркотични средства (2). Оваа одредба не ги зема предвид луѓето што се лекуваат со субституциска терапија, па оттука таа е дискриминирачка врз основа на здравствен статус и е во колизија со забраната за дискриминација. Неопходно е да се направат законски измени со кои ќе се предвиди дека супституциска терапија администрирана од здравствена установа не претставува наркотично средство во смисла на членот 81, но исто така неопходно е да се зајакнат механизмите за спречување и заштита од дискриминација во областа на работните односи и соодветно да се казнуваат дискриминаторските практики на работодавачите кон лицата што употребуваат дроги.

(1) Член 6 Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21)
(2) Член 81 став 1 точка 4 ЗРО

Во случаите на дискриминација кон ЛГБТИ луѓето се работи за три случаи на **говор на омраза** на социјалните мрежи и еден случај на дискриминација на трансродова жена во работните односи.  За еден од случаите на говор на омраза е пуштена кривична пријава до Основното јавно обвинителство, кое сѐ уште нема одговорено. Во извештајниот период се бележи унапредување на постапувањето во случај на говор на омраза кон новинарите на фејсбук страницата на Здружените на новинарите на Македонија. Сторителот беше условно осуден на три месеци затвор за ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем врз основа на личен и општествен статус. Коалицијата Маргини, но и останати организации кои овозможуваат правна заштита во случаи на говор на омраза врз основа на сексуална ориетација и родов идентитет сѐ уште не бележат никакво унапредување во практиката на обвинителството, од каде постои основано сомнение за дискриминаторско постапување, односно непостапување особено доколку се работи за говор на омраза кон ЛГБТИ луѓето. Сепак, се забележуваат позитивни промени во постапувањето на Комисијата за спречување и заштита од диркиминација која ги препознава случаите на говор на омраза како вознемирување, постапува по нив и дава препораки на сторителите да ги отстранат вознемирувачките содржини, јавно да се извинат и да се воздржат од објавување слични содржини во иднина (3).

Од случаите на расна дискриминација, во еден случај Ромка е дискриминирана во пристапот до добра и услуги, а во два случаи се работи за дискриминација во областа на образованието. Во едниот случај се работи за силеџиство (булинг) кон Ромка ученичка и нејзината другарка кои се постојано вербално вознемирувани и исклучени од страна на останатите ученици, додека основното училиште не презема соодветни мерки за заштита на ученичките. Законот за основно образование преку подзаконскиот акт Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, го препознава булингот како насилство и предвидува низа заштитни и превентивни мерки кои треба да ги презеде училиштето. Но, неопходни се дополнителни мерки за зајакнување на капацитетите и надзор од страна на институциите во спроведувањето на упатството. Во еден случај е документирана дискриминација на дете со попреченост во основното образование, а во друг дискриминација на сексуална работничка на пазарот на труд.

Со исклучок на случаите на говор на омраза, кај останатите случаи повторно се бележи непријавување. Најголем број од жртвите во документираните случаи имале можност да добијат правен совет за пријавување на случајот и информации за можности за бесплатна правна помош, но сепак не се одлучиле да покренат постапки ниту пред Комисијата за спречување и заштита од диркиминација. Ова е особено видливо кај луѓето што употребуваат дроги и сексуалните работници, што зборува за проблемите со пристапот до правда за овие групи. Перцепцијата дека институциите нема да им помогнат и недовербата во нив се клучните причини за непријавување на случаите (4).

(3) Цековски, И, Димитриевски, В. „Правни потреби и пристап до правда за луѓето кои инјектираат дроги и сексуалните работници во Македонија". ХОПС – опции за здрав живот, Скопје, 2018, стр 107

| Видови повреди на права | | Род на жртви | | | Етничка припадност | | | | ХИВ | СР[5] | ЛУД[6] | Попреченост | Жртви на РЗН/СН[7] | дете | ЛГБТИ | Нема конкретни жртви | Вкупно Случаи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ж | М | Транс[8] | Мак. | Алб. | Ром. | Други | | | | | | | | | |
| 1 | Работни односи | 2 | 3 | 1 | 4 | | 1 | 1 | | 1 | 4 | | | | 1 | | 6 |
| 2 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | 1 | 4 | | 3 | | 1 | 1 | | | 5 | | | | | | 2 |
| 3 | Полиција | 1 | 2 | | 3 | | | | | 1 | 2 | | | | | | 3 |
| 4 | РЗН/СН | 8 | | 1 | 1 | 3 | 4 | 2 | | 6 | 2 | | 10 | 1 | 1 | | 9 |
| 5 | Насилство од омраза | | 3 | 3 | 2 | 4 | | | | | | | 6 | | 6 | | 4 |
| 6 | Говор на омраза | | | | | | | | | | | | | | | 3 | 3 |
| 7 | Добра и услуги | 2 | | | | | 1 | 1 | | 1 | | | | | | | 2 |
| 8 | Образование | | | | | 2 | 2 | | | | | 1 | | 4 | | | 3 |
| 9 | Друго | 1 | | 1 | 2 | | | | | 1 | 1 | | | | 1 | | 2 |
| Случаи во кои има дискриминација | | 4 | 5 | 1 | 6 | 2 | 5 | 1 | | 2 | 7 | 1 | | 4 | 1 | 3 | 16 |
| **Вкупно** | | **15** | **12** | **6** | **15** | **9** | **9** | **5** | | **10** | **14** | **1** | **16** | **5** | **9** | **3** | 38 |
| **Вкупно случаи** | | | | | | | | | | | | | | | | | **34** |
| **Вкупно жртви** | | | | | | | | | | | | | | | | | **38+** |

**Табела 1: Случаи според видови повреди на права и карактеристики на жртви**

Activate Win

(5) Сексуални работници
(6) Луѓе што употребуваат или употребувале дроги
(7) Родово засновано насилство или семејно насилство
(8) Трансродови и родово небинарни лица

Во областа на **работните односи** документирани се 6 случаи. Во сите 6 случаи се работи за дискриминација на работници или кандидати за вработени поради припадност на некоја од маргинализираните заедници и тоа сексуални работници, луѓе што употребуваат дроги и трансродова жена. Во извештајниот период, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучуваше во случај на дискриминација на трансродов маж од страна на работодавач. Комисијата ја препозна дискриминацијата и одлучи дека работодавачот сторил директна дискриминација кон работникот, трансродов маж со тоа што постапувал понеповолно со него отколку со други вработени, го отпуштил од работа без да спроведе дисциплинска постапка и го злоупотребил дебалансот на моќ помеѓу вработен и работодавач. Но сепак, Комисијата само препорача работодавачот да не дискриминира во иднина со што пропушти да даде соодветна препорака со која ќе се задоволи барањето за правда кон жртвата и која ќе има одвратувачки ефект за дискриминаторот.

Во **здравството и здравствената заштита** документирани се два случаи на повреди на правата. Жртви во овие случаи се луѓето што употребуваат дроги. Во едниот случај се работи за дискриминација од страна на матичните лекари во Шуто Оризари кои не сакаат да впишуваат пациенти кои употребуваат дроги. Овој проблем континуирано опстојува низ годините и сведочи за расната дискриминација поради која жителите на Шуто Оризари, се соочуваат со непристапност и недостапност на здравствени услуги, лоша и недоволна здравствена инфраструктура, недоволен број на здравствен персонал и друго. Во вакви услови, Ромите што употребуваат дроги се непропорционално погодени од оваа состојба бидејќи дополнително трпат стигма и дискриминација поради употребата на дроги која дополнително го отежнува пристапот до здравствени услуги.

Во другиот случај се работи за повреда на здравствени права на луѓе што се лекуваат со бупренорфин, супституциска терапија за зависност од опијати. Болницата не можела да им даде терапија со образложение дека истата е недостапна поради тоа што Министерството за здравство не спровело тендер и дека не се знае кога воопшто ќе се спроведе. Дополнително во болницата одбиле да им дадат рецепти за да го набават лекот од аптека и им кажале дека наредниот ден ќе ги побараат за да им дадат информации. Кај овие пациенти бупренорфинот е неопходен за тековно функционирање на пациентите, а неземањето на лекот може да доведе до сериозно нарушување на менталното и физичкото здравје на пациентите. Поради ова, дел од нив биле приморани да отворат боледување, за што едно лице ја изгубило работата, односно било информирано дека поради отвореното боледување договорот нема да му биде продолжен. Дополнително, треба да се има предвид контекстот, односно фактот дека жртвите работат во приватен сектор и постојано се под стрес за губење на работата поради историјата на употреба на дроги. Наредниот ден биле исконтактирани од страна на болницата и им било кажано дека ќе добијат рецепти. Бупренорфинот не е на позитивна листа и мора да се купи приватно, а една лента бупренорфин од 8 милиграми, наменета за една недела чини 1300 денари.

Треба да се земе предвид дека на пациентите им се препишува од 2 до 32 милиграми дневно, што значи дека за најголем дел од пациентите трошоците ќе бидат поголеми од 1300 денари неделно. Ако се земе предвид лошата материјална состојба и невработеност помеѓу луѓето што употребуваат дроги може да се заклучи дека лекот е недостапен или тешко достапен. Оваа состојба може негативно да се одрази врз лекувањето на зависност и се ризикува пациентите повторно да се вратат на употреба на хероин или злоупотреба на метадон. Лицата биле мотивирани да поднесат претставка, но во меѓувреме во болницата добиле бупренорфин. Сепак, пациентите останале без овој неопходен лек од 18.4 до 6.5.2022. Согласно Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависност за 2022 година (9) е предвидено зголемување на достапноста на бупренорфинот и вклучување на поголем број лица на терапија со бупренорфин, за што се одвоени и средства за набавка на лекот. Грубите пропустите во спроведувањето на постапките за набавка на лекот сведочат за несериозен однос и негрижа за животот и здравјето на пациентите и резултираат со нанесување сериозни штети. Одговорни и отчетни институции не би си дозволиле вакви пропусти, а во случај на нивно настанување треба да се спроведат постапки за утврдување дисциплинска одговорност.
Докумнетирани се 3 случаи на **повреда на права од страна на полицијата** во кои жртви се: една сексуална работничка и двајца мажи кои употребуваат дроги. Од случаите повторно е видлив непрофесионалниот и насилнички третман на полицијата кон овие заедници. Во двата случаи во кои жртви се мажи што употребуваат дроги се работи за физичко насилство од страна на полицијата и провизорност во постапувањето. Особено еден од овие случаи има јасни елементи на тортура, нехумано и деградирачко постапување и казнување. Откако му пронашле една цигара со марихуана, жртвата била задржана во полициска станица повеќе од 24 часа, без храна, вода и без терапија (лицето се лекува со метадон и без терапија може да се случи апстиненцијална криза). На психичкото малтретирање кое било користено во испрашување повремено било користено и физичко насилство (клоци и тупаници). Жртвата одбила да го пријави случајот поради страв од виктимизација, што е најчеста причина за непријавување на овие случаи особено кога жртвите се лица што употребуваат дроги и сексуални работници. Тие се третирани како криминалци од страна на институциите и како такви не уживаат заштита на нивните права и се најранливи на полициска бруталност. Овој нерпопорционален однос на моќ на страната на полицијата преставува гаранција дека случајот нема да се пријави и дополнителна мотивација за да се продолжи со злоупотребата и насилството. Во случајот во кој жртва е сексуална работничка се работи за претенциозно постапување на полицијата која отишла кај работодавачот и погрешно го информирала дека жртвата се бара поради сторување на казнено дело. Вакво постапување е документирано и во други случаи особено во помалите градови каде полициски службеници издаваат информации на работодавачите на сексуални работници и луѓе што употребуваат дроги со цел да ги отпуштат од работа.

(9) Достапна во Службен весник 33/22 од 15.2.2022

**Родово засновано насилство и семејно насилство** е документирано во 9 случаи во кои жртви се 8 жени, една трансродова жена и едно дете. Во 8 случаи е документирано физичко насилство, од кои во 2 има и сексуално насилство. Во еден случај трансродова жена била избркана од домот откако нејзините родители виделе дека има партнер. Во 6 случаи жртви се сексуални работнички од кои две се сексуални работнички кои употребуваат дроги. Во случаите во кои жртви се сексуалните работнички кои употребуваат дроги едната жртва е Ромка, а другата српска државјанка со нерегулиран престој, што дополнително придонесува кон ранливоста на насилство. Насилството е сторено од страна на дилери на дрога и клиенти кои ја злоупотребуваат нивната положба, им изнудуваат сексуални услуги и најчесто користат физичко, сексуално и психолошко насилство. Притоа овие насилници се сигурни дека жртвите никогаш нема да го пријават насилството, а дури и да го пријават, шансите полицајците да постапат и да ги санкционираат сторителите се многу мали. Поради зависноста овие сексуални работнички многу почесто ќе се најдат во ризични ситуации прифаќајќи и т.н. проблематични клиенти. Овие жени се перцепирани како криминалци, неморални, штетни за општеството и многу често институциите кои имаат мандат да ги заштитат се сторители на повреди на правата и насилството кон нив. На сексуалната работа, која во патријахалното општество преставува најголем престап од „нормалноста“ се надоврзува и зависноста од опијати која наместо како болест е перцепирана како криминал. Оттука, овие жени егзистираат на маргините на општеството па родово заснованото насилство е секојдневно искуство, многу често нормализирано од страна на останатите чинители, но и од страна на самите жртви, бидејќи во патријахатот никој не „си го бара“ повеќе од сексуалните работнички кои употребуваат дроги.

**Насилство од омраза** е документирано во 4 случаи, во кои жртвите се секогаш ЛГБТИ луѓе. Во три случаи жртви се геј маж и едно родово небинарно лице, а во еден случај жртви се трансродови жени. Во сите случаи има физичко насилство. Во три случаи се нападнати активисти на ЛГБТИ Јунајтед Тетово и овие случаи се пријавени во полицијата. Еден случај е од мај, а другите два од август 2022 година. На 12.9.22 ЛГБТИ Јунајтед одржа протестна прес конференција (10) пред Владата на РСМ со цел да укаже на неефикасноста на органите на прогон кои сѐ уште ги немаат пронајдено сторителите на насилството. Во еден случај се работи за физички напад за време на настан на ЛГБТИ Јунајтед во Струмица, кој здружението го пријавило во полиција и побарало полициско присуство. Полицијата не се појавила на настанот, а уште повеќе кога активистот отишол да пријави бил исмејан од страна на полициските службеници на портирницата. Низ годините во Коалиција Маргини се докумнетирани уште два случаи на исмејување на трансродови лица и сексуални работници од страна на полициските службеници на портирницата на ПС Струмица. Еден од овие случаи беше пријавен и во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди на МВР, но полицајците не беа санкционирани. Оттука, неказнливоста на сторителите на насилство од омраза кон ЛГБТИ луѓето продолжува, иако Кривичниот закон соодветно ги дефинира и предвидува построги санкции во случаите кога делата се сторени од омраза врз основа на сексулана ориетација и родов идентитет.

(10) „Беким Асани: Ем тепан, ем незаштитен“, Радио Слободна Европа, 12.9.22. Достапно на shorturl.at/bgLMR

Во областа **добра и услуги** се докумнетирани два случаи во кои жртви се жени, Ромка и сексуална работничка. Се работи за расна дискриминација, во која Ромка била одбиена од фризерски салон, а притоа сопственичката искоментирала пред останатите дека не сака да услужува Ромки бидејќи се нечисти. Случајот е документиран од страна на очевидец, присутен во фризерскиот салон, па оттука не е пријавен до надлежна институција. Расната дискриминација во пристапот до добра и услуги е континуиран проблем, најчесто во услужните дејности како кафулиња, ресторани и базени. Во заштитата од ваков вид дискриминација бележиме напредок со постапувањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. Од нејзиното формирање, КСЗД има утврдено дискриминација врз основа на раса во пристапот до добра и услуги во три случаи (11). Но, повторно Комисијата воглавно препорачува да не се повтори делото, што само по себе е неефикана и нецелисходна препорака, која нема одвратувачки ефект за дискриминаторот и не нуди правда за жртвите. Комисијата нема начин да мониторира дали дискриминаторот ќе го повтори делото или не, освен ако не пристигнат дополнителни претставки против него, а дури и ако го повтори Комисијата нема начин да го санкционира пострго поради повторување на делото. Оттука, неопходно е препораките на Комисијата да ги задоволат стандардите за ефикасност и ефективност, да се препорачуваат активности за превенција како обуки, внатрешни правилници, надомест на штета на жртвите и слично.
Во областа на **образованието**, документирани се 3 случаи во кои жртви се деца и тоа три девојчиња од кои две Ромки, една Албанка и едено момче со попреченост. Во сите три случаи се работи за вознемирување и булинг преку создавање на непријателска средина. Во случајот на момчето со попреченост родителите на останатите ученици барале да се отпише од класот. За жал ваквите случаи се сѐ уште чести и влијаат негативно врз самото дете со попреченост кое треба секојдневно да поминува голем дел во денот во средина во која не го прифаќаат и го третираат како проблем. Со последните измени на Законот за основно образование се обезбеди јасна законска рамка според која децата со попреченост се вклучуваат во редовното образование, со што барем се оневозможи просветните работници провизорно да постапуваат и да одбиваат да работат со ученици со попреченост. Сепак, недостатокот на емпатија и перцепирањето на овие деца како „други", како штетни и опасни за другите па оттука барањата да се отстранат и изолираат се клучен проблем кој треба да се адресира преку различни превентивни мерки. Училиштата треба да креираат средина во која различноста е добродојдена и претставена како пожелна и корисна за сите, да разговараат за различноста и да мотивираат развој на емпатија и разбирање.

(11) Веб страница на КСЗД kszd.mk

Во делот **„друго“** се документирани два случаи од кои едниот случај е повреда на правото на приватен живот на трансродов маж со одбивање да се овозможи правно признавање на родот, односно одбивање на барањето за промена на ознаката за пол од страна на Управата за водење на матичните книги. И во овој случај се работи за континуиран проблем на трансродовите лица за чие решавање Коалицијата Маргини се застапува веќе 15 години. По донесувањето на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Икс против Македонија (12), се подготвија измени и дополнувања на Законот за матична евиденција (13) со кои се предвиде брза, транспарентна и достапна постапка за правно призавање на родот заснована на самоопределување. Но законот се повлече од собраниската процедура поради недостаток на политичка волја за овозможување на правно признавање на родот, со што од една страна се овозможи понатамошно прекршување на правата на трансродовите луѓе, а од друга страна не се испочитува меѓународна обврска за спроведување на пресудите на ЕСЧП. Коалицијата Маргини овозможува бесплатна правна помош на трансродовите луѓе во постапките за правно признавање на родот од каде е утврдено извесно подобрување во практиката на Управата за водење на матични книги по донесувањето на пресудата, но сепак постапувањето останува провизорно, се наметнуваат дополнителни критериуми, а лицата неколку пати се одбиваат пред конечно да им се овозможи промена на ознаката за пол и промена на матичниот број. Таков е и документираниот случај во кој трансродов маж два пати се одбива од страна на Управата за матична евиденција.

(12) Во случајот ЕСЧП одлучи дека недостатокот на правно регулирање на постапка за правно признавање на родот претставува прекршување на правото на приватност од членот 8 од Конвенцијата. Пресудата е достапна на shorturl.at/hoGTX
(13)Достапни на ЕНЕР на следниот линк shorturl.at/eirwV

## Документирани случаи по место на случување

Најголем број од случаите се настани кои се случиле во Скопскиот (15), па Полошкиот (11), и по неколку во Југоисточниот (4) и Источниот регион (1). Од оваа бројка не можат да се извадат генерални заклучоци за видови на повреди на права по региони, туку видовите повреди се детерминирани од областа на работа на здруженијата, правниците и параправниците кои ги документираат случаите. Во овој контекст, се повторуваат заклучоците од претходните извештајни периоди, како на пример дека континуирано документирање на случаи на родово засновано насилство во Полошкиот регион значи потреба од отварање на специјализирани сервиси во овој регион кои ќе ги пресретнат потребите на жртвите. Исто така, документираните случаи на булинг во основните училишта во Тетово алармираат за потребата од јакнење на капацитетите на просветниот персонал во овој регион. Насилството од омраза е документирано во Тетово и во Струмица, а во нити еден случај сторителите не се пронајдени, што укажува на потреба од преземање мерки од страна на МВР за надзор над работата во овие полициски станици.

**Табела 2: Случаи според видови повреди на права и распределба по региони**

| Видови повреди на права | | Региони | | | | Медиуми/ социјални мрежи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Полошки | Источен | Скопски | југоисточен | |
| 1 | Работни односи | 1 | | 5 | | |
| 2 | Здравствена заштита и здравствено осигурување | | | 2 | | |
| 3 | Полиција | | | 3 | | |
| 4 | РЗН/СН | 4 | | 4 | 1 | |
| 5 | Насилство од омраза | 2 | | | 2 | |
| 6 | Говор на омраза | | | | | 3 |
| 7 | Добра и услуги | 1 | | 1 | | |
| 8 | Образование | 3 | | | | |
| 9 | Друго | | 1 | | 1 | |
| Случаи во кои има дискриминација | | 5 | 1 | 7 | | 3 |
| **Вкупно по региони** | | **11** | **1** | **15** | **4** | **3** |
| **Вкупно** | | | | | | **34** |

**Родови аспекти од документираните случаи**




Во документираните случаи жртви се 15 жени, 12 мажи, 6 трансродови лица и 5 деца. Децата се жртви во случаите на семејно насилство и во образованието како жртви на силеџиство (булинг) и дискриминација. Жените се најчесто жртви во случаите на родово засновано насилство и дискриминацијата во добра и услуги, додека мажите се жртви во случаите на повреди на здравствени права и во полициското постапување. Трансродовите луѓе се жртви во случаите на насилство од омраза, родово засновано насилство и дискриминација на пазар на труд. Повторно е документирано недоволно пријавување на случаите на родово засновано насилство, но и недоследности во постапувањето на институциите во случаите кои се пријавиле. Документираните недоследности се веќе видени проблеми, кои континуирано не се надминуваат, а имаат одвратувачки ефект кон мотивацијата на жртвите да пријават. Па така, само три од случаите на родово засновано насилство се пријавени во полиција и други надлежни органи и во сите три случаи се бележат различни видови недоследности во постапувањето. Во еден случај се работи за физички напад на сексуална работничка на отворена сцена од страна на непознато машко лице, но откако го пријавила на полицајците што поминале тие одбиле да постапат кажувајќи дека насилството кон жената било приватна работа во која тие не сакале да се мешаат. Во друг пријавен случај, повторно се потврдува дека продолжува практиката на прекршочно гонење на сторителите на родово засновано насилство за нарушување на јавниот ред и мир. Во случајот се работи за жена која физички била нападната од маж со шипка и со рачка од секира, а потоа заклучена во соба по што успеала да избега од прозорецот. И покрај инсистирањето на правната советничка, случајот не се гони кривично како родово засновано насилство туку како прекршок на јавниот ред и мир. Ова постапување самото по себе претставува родова дискриминација, непрепознавање и несериозно третирање на родовото засновано насилство кое се израмнува со прекршоци на јавниот ред и мир, со што се понижуваат жените и

се испраќа порака дека нивните животи и тела не се подеднакво важни.
Оттука, и покрај новиот унапреден Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство со кој се изврши усогласување со Истанбулската конвенција (14), не се бележи подобрување во пактиката на институциите во заштита на жртвите на родово засновано насилство.

(14) Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство

**Дали медицинските услуги за жртвите на родово засновано насилство се бесплатни и во пракса?**

Во еден документиран случај жртвата не била ослободена од плаќање на медицинските трошоци кои настанале како последица од брутално насилство од страна на нејзиниот поранешен партнер со образложение дека тоа право го имале само невработените жени. Овој случај открива дека во практиката ова право е тешко достапно за жртвите на родово засновано насилство. Најпрво, болницата не сакала да и ја даде медицинската документација која е неопходна за полициското постапување се додека не плати, потоа и побарале да донесе потврда, откако донела потврда не и ја уважиле бидејќи на потврдата не пишувало експлицитно дека треба да се ослободи од трошоци туку само пишувало дека е жртва на родово засновано насилство, за на крај да не и го признаат тоа право бидејќи била вработена. Ова претставува провизорно постапување на ФЗОМ бидејќи наметнува дополнителни услови, спротивно на закон, за жртвите да го користат правото на бесплатни здравствени услуги поврзани со насилството. Законот предвидува дека „жртвите се ослободени од плаќање“ (член 51 став 2) и не поставува критериуми за статусот на вработеност, па оттука институциите не смеат да ги ограничуваат правата гарантирани со закон преку провизорно наметнување дополнителни критериуми. Во случајот и болницата постапила спротивно на законот кој предвидува дека здравствената установа и здравствените работници се должни веднаш да  преземат мерки за заштита на жртвата и тоа докумнетирање на повредите и собирање докази за постоење на повреда на телесен и психички интегритет и издавање медицинска документација за констатираната повреда (член 51 став 1). Од одредбата е јасно дека се работи за итно постапување во кое жртвите не смеат да се условуваат со плаќање на услугите, кое само по себе е спротивно на закон, за да добијат медицинска документација. Уште повеќе законот наметнува обврска за надлежните институции да соработуваа меѓу себе во овозможување на заштита на жртвите од родово засновано насилство, преку донесување протоколи за соработка и формирање на мултисекторски тимови, со цел да се избегне препраќање на жртвата како во случајот. Но евидентно е дека соработката не функционира во практика, со што се отежнува пристапот и се демотивираат жртвите.

**Препораки:**

- Јакнење на капацитетите на основните училишта за примена на Законот за основно образование и Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување;
- Измени и дополнувања на Законот за работни односи со цел зајакнување на механизмите за спречување и заштита од дискриминација и ревидирање на одредбата според која отказ без отказен рок може да се даде на лице кое употребува наркотични средства, со цел иземање на пациентите кои се лекуваат со супституциска терапија;
- Измени и дополнувања на Кривичниот закон со цел експлицитна забрана на говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет;
- Донесување на подзаконски акт од страна на Министерството за здравство и/или Фондот за здравствено осигурување со кој ќе се предвиди начинот на постапување на здравствените установи со цел ослободување од трошоци на жртвите на родово засновано насилство;
- Донесување на протокол за соработка помеѓу МВР и здравствените институции со цел брза размена на податоци во случаите на родово засновано насилство;
- Реформи на Законот за полиција и подзаконските акти, со цел усогласување со Истанбулската конвенција и донесување на детални упатства за постапување во случаите на родово засновано насилство, насилство од омраза, говор на омраза и постапување со маргинализирани заедници;
- Зајакнување на капацитетите на полициските службеници и обвинителите во областа на заштита од родово засновано насилство, кривични дела од омраза, говор на омраза и формите на овие дела сторени онлајн;
- Зајакнување на механизмите за контрола, одговорност и отченост на полицијата и обвинителствата преку унапредување на нивната независност, капацитети, надлежности и буџети;
- Декриминализација на сексуалната работа како модел на регулација заснован на човекови права и со кој се овозможува заштита на сексуалните работници од родово засновано насилство;
- Развивање на сервиси и услуги за жртви на родово засновано насилство, помеѓу кои и бесплатна правна помош, пријателски настроени кон сексулните работници во Полошкиот регион;

Проектот е финансиран
од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Коалиција МАРГИНИ

KVINNA KVINNA